Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто триесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8.5.2019 година**

**Скопје, мај 2019 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто триесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8.5.2019 година**

Седницата започна во 15:15 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, како и Виктор Димовски, државен секретар во Министерството за надворешни работи и м-р Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Северна Македонија м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Асаф Адеми, министер за култура.

*
* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записниците од 130-та, 132-та и 133-та (дописна) седница на Владата, одржани на 16.4., 30.4. и 6.5.2019 година

## ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- Состојби и напредок во процесот на европска интеграција

## А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА

### а) гости

1. Информација за повреда на договорните обврски од страна на правното лице ДПТУ „Аспектус Фарма“ ДОО Скопје (поранешен назив ДПТУ „Продис“ ДОО Скопје), корисник на ТИРЗ „Скопје 1“ и потребата од започнување на постапка за наплата на средства поради активирање на договорни пенали за 2017 и 2018 година, со дополнувања

2. Информација за обезбедување со огревно дрво за затоплување на подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со дополнување и Предлог-одлука

3. Информација за бесплатно отстапување на одземена стока на Министерството за труд и социјална политика, со Предлог-одлука

4. Информација за Извештајот за реализација на Акцискиот план (2016-2017) за реализација на Националната стратегија за млади (2016-2025) за период 2016 - 2017 година и активности за спроведување на Националната стратегија за млади за 2018 година

5. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-344/18 Долнени)

6. Информација за добивање согласност од Владата на Република Северна Македонија за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука (ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија-Скопје)

**б) економски систем и тековна економска политика**

7. Предлог-закон за изменување на Законот за земјоделство и рурален развој

8. Информација за креирање на политиките и спроведувањето на реформа во шумарскиот сектор во Република Северна Македонија

9. Информација во врска со евалуацијата на понудите за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од 22 мали хидроелектрични централи, со Предлог-одлуки

10. Информација за формирање на Комисија за управување со отпад од пакување, со Предлог-одлука

**в) политички систем**

11. Предлог-закон за класифицирани информации

12. Информација за наплата на побарувањата врз основа на асистенција на Министерството за внатрешни работи кон казнено - поправните установи

13. Информација за одржаниот Осмиот состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, во Скопје на 2 и 3 октомври 2018 година

14. Информација за развој на културата на Ромите во Република Северна Македонија, согласно Стратегијата за Роми 2014-2020, со Национален акциски план

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

15. Извештај за завршени преговори за склучување на Меморандум за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија (претставувана од министерот без ресор задолжен за дијаспора) и Меѓународната организација за миграции (ИОМ) за соработка во областа на дијаспората, со усогласен текст на Меморандум

16. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги „Херб индустри" ДОО Струмица за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

17. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство и трговија „Маккан хелт" ДОО Куманово за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

18. Извештај за текот на работата при изготвување на Нацрт -верзијата и Акцискиот план за спроведување на Националната стратегија за развој на концептот за Едно општество и интеркултурализмот, со Предлог-одлука

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

**а) економски систем и тековна економска политика**

19. Предлог-одлука за Осумнаесетта емисија на обврзници за денационализација

20. Предлог-решение за изменување на Решението за определување на членови на Комитетот за градежно земјиште сопственост на Република Македонија

**б) политички систем**

**в) човечки ресурси и одржлив развој**

**г) предлози по кои Владата дава мислење:**

**(а) по барање на Собранието на Република Северна Македонија**

21. Барање за давање на автентично толкување на член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр.36/2011) поднесено од градоначалникот на Општина Кисела Вода

22. Барање за давање на автентично толкување на член 112 став (1) и став (2) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/2011) и член 136 став (1) и став (2) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/2015) поднесено од градоначалникот на Општина Центар

23. Барање за давање на автентично толкување на член 52 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.233/2018), поднесено од пратеникот Панчо Минов

24. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Регулаторната комисија за домување (I Фаза)

25. Годишен извештај за работата на ЈРП „Македонска радио-телевизија“ за 2018 година

26. Годишен извештај за работата на Агенцијата за електронски комуникации за 2018 година

27. Годишен извештај за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018 година

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

28. Иницијатива од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.60/19 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 29 став 11 и став 12 во делот: „од ставот 13 на“ од Законот за судската служба („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/2014, 33/2015, 98/2015, 6/2016 и 198/2018)

29. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.59/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на делот „и (5)“ од членот 99 став 7 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2006, 35/2008, 150/2010, 83/2010 и 198/2018)

30. Иницијатива доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.66/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на повеќе членови од Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта, заведен под број 07-9992/3 од 5 јуни 2014 година, поднесена од Мирослав Андоновски од Прилеп

31. Иницијатива поднесена од Горан Путиќ од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.64/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 17-а став 2 алинеја 5 од Законот за безбедност и здравје при работа, како и членовите од 3 до 11 од Правилникот за условите за вработените, организацијата, техничките и други

услови кои треба да ги исполни правното или физичкото лице за вршење на стручни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр.37/2008)
32. Понуда од нотар Мери Весова од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 2745 за КО Глуво Бразда на КП 1720/1 м.в Чар

33. Понуда од нотар Сашо Клисароски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 2294 за КО Ѓорче Петров 2 - Мирче Ацев за КП 10038

34. Понуда од нотар Елена Ристовска од Штип, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 16541 за КО Штип 1 на КП 4 викано место/улица Герен

35. Понуда од нотар Фатмир Ајрули од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 645 за КО Визбегово на КП 1082, викано место Марковец

36. Понуда од нотар Емилија Георгиевска Аџиска од Берово, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 2897 за КО Владимирово на КП 7644 викано место Премката

37. Известување од извршител Антончо Коштанов, именуван за подрачјето на Основните судови Скопје 1 и Скопје 2 за Заклучок за усна јавна продажба (врз основа на член 179 став 1, член 181 став 1 и член 182 став 1 од Законот за извршување), доставен под И. бр. 714/18; Заклучокот за огласување на продажбата под И бр. 714/18 од 21 март 2019 година за неважечка и Заклучокот за повторена втора усна јавна продажба (на недвижноста запишана во Имотен лист бр. 2272 за КО Глуво Бразда) под И. бр. 714/18, која ќе се одржи на 7 мај 2019 година

38. Заклучок за усна јавна продажба, доставен од извршител Елена Стрезоска од Охрид

**д) други предлози**

39. Предлог-одговор на пратеничко прашање од Рубин Земон, пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, поставено на Осумдесет и седмата седница на Собранието на Република Северна Македонија, одржана на 27 февруари 2019 година

40. Барање за потврда на значењето на Директниот договор кон Договорот за концесија, бр.40-3974 од 11.3.2016 година

41. Кадровски прашања

42. Прашања и предлози

## В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

43. Извештај за финансиско работење на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за период од 1.4.2018 година до 30.6.2018 година

44. Извештај за финансиско работење на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за период од 1.7.2018 година до 30.9.2018 година

45. Извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие „Стрежево" Битола за четврто тримесечје од 1.10.2018 до 31.12.2018 година

46. Информација за реализација на Акциски план за категоризација на одгледувалиштата на молзни грла според ризик за унапредување на квалитетот на сировото млеко за периодот од шест месеци (октомври 2018 година до април 2019 година)

47. Информација за спроведување на исплата на регрес за годишен одмор (К15) во приватниот сектор и за преземените мерки при непочитување на регулативите

48. Информација за Годишна сметка за 2018 година на Јавната установа Центар за образование на возрасните - Скопје

49. Извештај за реализација на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2018 година

50. Извештај за реализација на Програмата за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи за 2018 година

51. Извештај за активностите на Координативното тело за надзор на пазарот за 2018 година и на надлежните органи за надзор на пазарот

52. Извештај за реализација на Програмата за развој на туризмот на Република Македонија за 2018 година

53. Информација за здравствената состојба на шумите во Република Северна Македонија за 2018 година

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

54. Информација за поддршка на вежбовната активност на Армијата на Република Северна Македонија и Командата на US EUCOM „Одлучен удар"

55. Информација за изградба на Универзитетски клинички центар на greenfield локација во Скопје со Иницијатива за задолжување

56. Информација за извршените преговори за склучување на Меморандум за соработка помеѓу Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Министерството за здравство на Црна Гора за соработка во областите на здравството и медицината, со текст на Меморандум

57. Барање за автентично толкување на член 43 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/2018)

*

*  *

Владата без забелешки ги усвои Записниците од 130-та, 132-та и 133-та (дописна) седница на Владата, одржани на 16.4., 30.4. и 6.5.2019 година

*

*  *

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

Владата донесе Одлука за изменување на Одлуката за формирање на Совет за следење на имплементацијата на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор (2017-2022 година), со заклучок текстот на Одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

*

*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за повреда на договорните обврски од страна на правното лице ДПТУ „Аспектус Фарма“ ДОО Скопје (поранешен назив ДПТУ „Продис“ ДОО Скопје), корисник на ТИРЗ „Скопје 1“ и потребата од започнување на постапка за наплата на средства поради активирање на договорни пенали за 2017 и 2018 година, со дополнувања и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се препорачува на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија преку Државното правобранителство на Република Северна Македонија да започне постапка пред надлежен суд заради наплата на средствата поради активирање на договорни пенали од правниот субјект ДПТУ „Аспектус Фарма“ ДОО Скопје.

2. Се препорачува на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија по завршувањето на законската постапка да ја информира Владата за реализација на наплатата на договорната казна

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување со огревно дрво за затоплување на подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со дополнување и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за преотстапување на дрвна маса од Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“ на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за бесплатно отстапување на одземена стока на Министерството за труд и социјална политика, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за бесплатно отстапување на одземена стока на Министерството за труд и социјална политика, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за Извештајот за реализација на Акцискиот план (2016-2017) за реализација на Националната стратегија за млади (2016-2025) за период 2016 - 2017 година и активности за спроведување на Националната стратегија за млади за 2018 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да изготви нов двегодишен акциски план за реализација на Националната стратегија (2016-2025), притоа да ги има предвид насоките и заклучоците од Извештајот за реализација на Акцискиот план (2016-2017) за реализација на Националната стратегија за млади (2016-2025) за период 2016 - 2017 година и активности за спроведување на Националната стратегија за млади за 2018 година и да го достави до Владата до крајот на јуни 2019 година

2. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт до крајот на јуни 2019 година да направи усогласување на Стратешките цели на Националната стратегија за млади (2016-2025) со

стратешките цели од Националната стратегија за култура и Националната стратегија за образование.

3. Се задолжуваат Министерството за култура, Министерството за образование и наука, Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика и Бирото за развој на образование, а им се укажува на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Агенцијата за поддршка на претприемништвото, Центарот за стручно образование и обука, Центарот за образование на возрасни, Институтот за јавно здравје, имајќи ја предвид Националната стратегија за млади (2016-2025), до Агенција за млади и спорт, до крајот на мај 2019 година да достават активности за остварување на стратешките цели, кои би биле дел од Акцискиот план 2019-2020.

## Точка 5

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.Бр.03-344/18 Долнени), во предложениот текст.

## Точка 6

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за добивање согласност од Владата на Република Северна Македонија за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

## Точка 7

Владата на предлог на предлагачот го одложи од разгледување Предлог-законот за изменување на Законот за земјоделство и рурален развој за наредната седница на Владата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и Комисијата за политички систем.

## Точка 8

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за креирање на политиките и спроведувањето на реформа во шумарскиот сектор во Република Северна Македонија и го усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 15 дена, да формира работна група со претставници од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Секретаријатот за законодавство, Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" П.О. - Скопје и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Шумарски факултет - Скопје.

2. Се задолжуваат Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Државниот инспекторат за шумарство и ловство и Секретаријатот за законодавство, а се укажува на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" П.О. - Скопје и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - Шумарски факултет - Скопје, во рок од седум дена, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да номинираат свои претставници во работната група.

## Точка 9

Владата ја разгледа Информацијата во врска со евалуацијата на понудите за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од 22 мали хидроелектрични централи, со Предлог-одлуки и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го разгледа Извештајот за евалуација на пристигнатите понуди за доделување на концесија за вода за производство на електрична енергија од 22 мали хидроелектрични централи.

2. Ја донесе Одлуката за поништување на постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од 22 мали хидроелектрични централи за локацијата под реден број 16 на река Рабетинска, со заклучок текстот на Одлуката Министерството за животна средина и просторно планирање редакциски да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

3. Ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од 22 мали хидроелектрични централи, со заклучок текстот на Одлуката Министерството за животна средина и просторно планирање редакциски да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

4. По останатите предлог-одлуки од Информацијата, Владата дополнително ќе одлучува по добивање на предлог од Министерството за животна средина и просторно планирање, согласно расправата на седницата на Владата.

## Точка 10

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за формирање на Комисија за управување со отпад од пакување, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе

најновиот текст на Одлуката за формирање на Комисија за управување со отпад од пакување, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Предлог-законот за класифицирани информации.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за наплата на побарувањата врз основа на асистенција на Министерството за внатрешни работи кон казнено - поправните установи ја усвои и притоа заклучи:

Се задолжуваат казнено - поправните установи и тоа:
- Затвор „Скопје" - вкупен долг од 31.230.694,00 денари;
- Затвор „Идризово" - вкупен долг од 7.345.939,00 денари;
- Затвор „Штип" - вкупен долг од 3.425.389,00 денари;
- Затвор „Прилеп" - вкупен долг од 14.900.818,00 денари;
- Затвор „Битола" - вкупен долг од 21.073.563,00 денари;
- Затвор „Охрид" - вкупен долг од 116.254,00 денари;

по чии барања за асистенција се постапува согласно законските основи, односно по чии барања веќе е постапено во изминатиот период, да ги надоместат финансиските трошоци за дадена асистенција од страна на Министерството за внатрешни работи врз основа на претходно доставени фактури, најдоцна до 20.5.2019 година.

**Точка 13**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за одржаниот Осмиот состанок на Специјалната група за реформа на јавната администрација во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, во Скопје на 2 и 3 октомври 2018 година и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да номинира посебен тим задолжен за координација, мониторинг и известување во однос на реформите и да ја информира Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 31 мај 2019 година.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да го финализира системот за следење на реформите базиран на основите, целите и индикаторите (пасоши за индикатори) и да ја информира Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 31 мај 2019 година.

3. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација да ги ажурира статистичките податоци за управување со човечки ресурси (табела за човечки ресурси) и да ја информира Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 31 мај 2019 година.

4. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, во рок од десет дена да достави номинација до Секретаријатот за европски прашања, за претседавач на следниот состанок на Специјалната група за реформа на јавна администрација во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација.

## Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата за развој на културата на Ромите во Република Северна Македонија, согласно Стратегијата за Роми 2014-2020, со Национален акциски план и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати новиот текст на Националниот акциски план за развој на културата на Ромите 2019-2020.

2. Се задолжува Министерството за култура во своите годишни планови и програми да интегрира активности од Националниот акциски план за развој на културата на Ромите 2019-2020 и за негова реализација да предвиди средства во буџетот.

## Точка 15

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за завршени преговори за склучување на Меморандум за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија (претставувана од министерот без ресор задолжен за дијаспора) и Меѓународната организација за миграции (ИОМ) за соработка во областа на дијаспората, со усогласен текст на Меморандум и го усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија (претставувана од министерот без ресор задолжен за дијаспора) и Меѓународната организација за миграции (ИОМ) за соработка во областа на дијаспората.

2. Се овластува министерот без ресор, задолжен за дијаспора, Едмонд Адеми, да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија (претставувана од министерот без ресор задолжен за дијаспора) и Меѓународната организација за миграции (ИОМ) за соработка во областа на дијаспората.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги ХЕРБ ИНДУСТРИ ДОО Струмица за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги „Херб индустри“ ДОО Струмица, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство и трговија „Маккан хелт“ ДОО Куманово за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство и трговија „Маккан хелт“ ДОО Куманово, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата го разгледа Извештајот за текот на работата при изготвување на Нацрт -верзијата и Акцискиот план за спроведување на Националната стратегија за развој на концептот за Едно општество и интеркултурализмот, со Предлог-одлука и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на ад хок работна група за развој на концептот за едно општество и интеркултурализам, во предложениот текст.
2. Се задолжува Координативното тело за изготвување на Националната стратегија за развој на концептот за Едно општество и интеркултурализам најдоцна до 30 септември 2019 година да подготви и достави до Владата нацрт верзија на Националната стратегија за развој на концептот за Едно општество и интеркултурализам и Акциски план за спроведување на истата.

**Точка 19**

Владата ја донесе Одлуката за Осумнаесетта емисија на обврзници за денационализација, во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата го донесе новиот текст на Решението за изменување на Решението за определување на членови на Комитетот за градежно земјиште сопственост на Република Македонија, во предложениот текст.

## Точка 21

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр.36/2011) поднесено од градоначалникот на Општина Кисела Вода и притоа го утврди следново мислење:

Со членот 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/2011), за кој се бара автентично толкување е пропишано дека „локална и државна урбанистичка планска документација со кои се уредува користење на просторот во плански опфат, а кои се одобрени до 7 февруари 2011 година, се применуваат во постапката за издавање на одобрение за градење и согласно со истите може да се издаде одобрение за градење. Одобренијата за градење издадени, согласно со локална и државна урбанистичка планска документација со кои се уредува користење на просторот во плански опфат, имаат правна сила и можат да се извршуваат, доколку локалната и државната урбанистичка планска документација се одобрени до 7 февруари 2011 година.".

Имајќи ја предвид одредбата на членот 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр.36/2011), како и останатите изменувања и дополнувања на Законот за градење, истата е применлива, односно во сила и пропишува дека локалната и државната урбанистичка планска документација со која се уредува користење на просторот во плански опфат, ќе се применуваат во постапката за издавање на одобрение за градење, доколку се одобрени до 7 февруари 2011 година, кога е објавена и Одлуката на Уставниот суд со број У бр. 66/2010 од 2.2.2011 година во „Службен весник на Република Македонија" бр.14/2011 од 7.2.2011 година.

Со Одлуката на Уставниот суд се укинуваат одредени делови од членот 5 алинеи 6 и 7, членот 17-а ставови 4 и 5, членот 50 ставови 1, 2 и 3 и членот 50-а ставови 1, 2 и 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" бр. 51/2005, 137/2007, 91/2009 и 124/2010), каде меѓу останатото се укинува делот „во и" и „како и уредување и користење на просторот во рамките на формирана градежна парцела", што значи дека, согласно одлуката односно укинатите делови, локалната и државната урбанистичка планска документација се плански документации со кои ќе се врши уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела вон плански опфат, за градби утврдени со закон како градби од прва и втора категорија. Одлуката произведува правно дејство од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија" и истата согласно член 112 од Уставот на Република Северна Македонија е конечна и извршна.

Имајќи го предвид горенаведеното, а со оглед дека членот 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/2011) се однесува за одобренија за градење кои се издаваат согласно локалната и државната урбанистичка планска документација со кои се уредува користење на просторот во плански

опфат, а кои плански документации се одобрени до 7 февруари 2011 година, сметаме дека истиот е доволно јасен и прецизен и нема потреба од негово автентично толкување.

## Точка 22

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 112 став (1) и став (2) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.17/2011) и член 136 став (1) и став (2) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.15/2015) поднесено од градоначалникот на Општина Центар и притоа го утврди следново мислење:

Со членот 112 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.17/2011) за кој се бара автентично толкување е пропишано дека „започнатите постапки за отуѓување и давање под долготраен и краткотраен закуп со јавно наддавање и со непосредна спогодба на градежното земјиште сопственост на Република Македонија по кои не се склучени договори за отуѓување и давање под долготраен и краткотраен закуп со јавно наддавање и со непосредна спогодба или по кои управната постапка не е правосилно завршена, предметите по започнатите постапки од членот 50 на Законот за градежното земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.82/2008, 143/2008 и 56/2010) по кои постапката не е правосилно завршена, како и сите правосилно завршени предмети по кои се преземени вонредни правни лекови и се води повторена постапка, ќе се преземат од страна на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје со денот на исполнувањето на условите за вршењето на работите на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија согласно со овој закон.

Општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје со денот на исполнувањето на условите за вршењето на работите на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија согласно со овој закон, ќе го следат спроведувањето на склучените договори за отуѓување и давање под долготраен и краткотраен закуп со јавно наддавање и со непосредна спогодба на градежното земјиште сопственост на Република Македонија.".

Во таа смисла и во член 136 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр. 15/2015) кој е во важност е пропишано дека „започнатите постапки за отуѓување и давање под долготраен и краткотраен закуп со јавно наддавање и со непосредна спогодба на градежното земјиште сопственост на Република Македонија по кои не се склучени договори за отуѓување и давање под долготраен и краткотраен закуп со јавно наддавање и со непосредна спогодба или по кои управната постапка не е правосилно завршена, предметите по започнатите постапки од членот 50 на Законот за градежното земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.82/2008, 143/2008 и 56/2010) и членот 88 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија" бр.17/2011, 53/2011, 25/2013, 137/2013 и 163/2013) по кои постапката не е правосилно завршена, како и сите правосилно завршени предмети по кои се преземени вонредни правни лекови и се води повторена постапка, ќе се

преземат од страна на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје со денот на исполнувањето на условите за вршењето на работите на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија согласно со овој закон.

Општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје со денот на исполнувањето на условите за вршењето на работите на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија согласно со овој закон, ќе го следат спроведувањето на склучените договори за отуѓување и давање под долготраен и краткотраен закуп со јавно наддавање и со непосредна спогодба на градежното земјиште сопственост на Република Македонија.“.

Имајќи ги предвид предметните одредби на Законот за градежно земјиште, како и фактот дека Општина Центар ги има исполнето условите за вршење на работите на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија што со Одлука бр. 44-10897/1 од 18.12.2018 година донесена од страна на Владата на Република Македонија се има стекнато со правото на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, Општина Центар има обврска односно надлежност да постапува по сите преземени предмети независно од нивниот статус (и оние со склучени договори од страна на Министерството за транспорт и врски), целосно да ги води, следи и да презема секакви неопходни дејствија и работи во врска со истите како дел од управната постапка, но доколку е тоа неопходно да води и други постапки.

Оттука, а со оглед на напред наведеното, укажуваме дека членот 112 став (1) и став (2) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/2011) и членот 136 став (1) и став (2) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/2015), се јасни, а ставовите 2 се во корелација со ставовите 1, поради што нема потреба од нивно автентично толкување.

## Точка 23

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 52 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.233/2018), поднесено од пратеникот Панчо Минов и притоа го утврди следново мислење:

Одредбата од член 52 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување, е преодна одредба и се однесува на уредување на преод од една во друга правна уреденост.

Имено со одредбата од член 52 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување се пропишува дека извршувањата започнати согласно со одредбите од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/2005, 50/2006, 129/2006, 8/2008, 83/2009, 50/2010, 83/2010, 88/2010, 171/2010, 148/2011 и 187/2013) и Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/2016 и 142/2016), како и

извршувањата започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон, согласно со одредбите на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.72/2016 и 142/2016), ќе продолжат согласно со одредбите од овој закон.

За преземените извршни дејствија до денот на влегувањето во сила на овој закон, извршителите ја применуваат Тарифата која била на сила во моментот на преземање на извршни дејствија, а за извршните дејствија кои се преземаат по денот на влегувањето во сила на овој закон се применува Тарифата донесена согласно со одредбите од овој закон, при што не може да се бара поврат на платените надоместоци или награди.

Имајќи ги превид поставените прашања дали покрај дејствијата на извршителот за административна обработка на предметот и трошоците, се однесува и на преземените извршни дејствија по конкретно средство за извршување кои од различни причини не успеало да отпочне да се извршува, па во налогот за извршување кој за првпат се спроведува кон должникот се пресметуваат и цената на претходниот неспроведен издаден налог за извршување или преземеното извршно дејство - издавање на налог за извршување со долг до влегувањето во сила на законот се спроведува за извршување за наплата или наместо исплата до должниковиот должник и доставува до должникот до денот на влегување во сила на законот и дали наградата на извршителот за извршените дејствија - реализација на извршната исправа која кај паричните побарувања се определува според износот на наплатеното побарување, а кај непаричните побарувања според вредноста на предметот утврдена во извршната исправа како реализација на наплатата по конкретно средство на извршување целосно се спроведува до денот на влегувањето во сила на законот ќе се применува тарифата донесена согласно одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр. 233/2018), се смета дека е неспорна примената на одредбата од член 52 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување.

Имено извршителот го определува надоместокот за обработка на предметот во моментот на приемот на барањето за извршување, а надоместокот за преземените извршни дејствија се определува во моментот на составувањето на актите од страна на извршителот за преземање на соодветни извршни дејствија.

Во делот на наградата, според член 5 став 1 од Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работењето на извршителите, извршителот ја определува наградата според видот на извршната исправа и видот на побарувањето кое треба да се изврши, како и според износот на наплатеното побарување.

Според став 9 од истиот член од Тарифата, наградата за извршувањето извршителот ја наплаќа од должникот во текот на спроведувањето на извршувањето.

Од горенаведеното, јасно е дека извршителот може да разграничи кога го примил барањето за извршување, кога го изготвил актот со кој презема извршно дејствие и колкав дел од

побарувањето реализирал со извршувањето до моментот на влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување, а со тоа и до кога ќе ја определува цената за администрирање на предметот и цената за преземеното извршно дејствие како и наградата за реализирано извршување по претходната Тарифа, а од кога ќе ја применува новата Тарифа.

Имајќи ги предвид наведените одредби, а од друга страна поставените прашања во однос на примената на член 52 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.233/2018) кои се однесуваат и на примената на Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите („Службен весник на Република Македонија" бр.226/2016) и Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите („Службен весник на Република Македонија" бр.32/2019), се смета дека законските одредби се конкретни и јасни, при што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го прифати Барањето за давање на автентично толкување на член 52 од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.233/2018).

## Точка 24

Владата ја разгледа Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Регулаторната комисија за домување (I Фаза) и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 109 став (1) точка 1) од Законот за домување, Регулаторната комисија за домување донесува, статут, деловник и други акти за својата работа, а согласно став (3) од истиот член, Собранието на Република Северна Македонија дава согласност на Статутот на Регулаторната комисија за домување, поради што во прилог на Статутарната одлука треба да се достави и Предлог-одлука за давање согласност на Статутарната одлука.

Исто така, воведот на Статутарната одлука треба да се дополни и да се додаде („Службен весник на Република Македонија" бр.64/2018).

По однос на текстот на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Регулаторната комисија за домување Владата на Република Северна Македонија укажува на следново:

1. Со оглед дека станува збор само за изменување на Статутот на Регулаторната комисија за домување, во насловот да изостанат зборовите „и дополнување".

2. Во член 1 од Статутарната одлука треба да се наведе називот на актот чие изменување се предлага, односно Статутот на Регулаторната комисија за домување како и неговиот архивски број.

3. Во член 6 со кој се предлага изменување на член 12 од Статутот зборовите „на овој закон“ да се заменат со зборовите „на Законот за домување“.

4. Во член 7 со кој се предлага изменување на член 19 од Статутот треба да се нумерираат и ставовите кои што следат по став (4).

5. Член 10 треба да се преформулира во смисла на тоа дека оваа статутарна одлука влегува во сила со денот на објавувањето на огласна табла на Комисијата, а ќе се објави по добивањето согласност од Собранието на Република Северна Македонија.

6. Предлагањето на член 9 со кој се менува член 25 од Статутот треба да се преоцени со оглед дека истиот по својата содржина е идентичен со член 4 со кој се менува член 7 од Статутот.

7. Текстот на Статутарната одлука има потреба и од редакциско подобрување.

**<u>Точка 25</u>**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на ЈРП „Македонска радио-телевизија“ за 2018 година и притоа го утврди следново мислење:

Врз основа на член 106, став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/2013, 13/2014, 44/2013, 101/2014, 132/2014, 142/2016, 132/2017, 168/2018, 248/2018 и 27/2019), Македонската радио-телевизија е должна да донесе Годишен извештај за работа за претходната година и Годишна програма за работа за наредната година. Годишниот извештај за работа за претходната година Македонската радио-телевизија го доставува на разгледување до Собранието, најдоцна до 31 март во тековната година и тој треба да содржи:

- Извештај за реализација на Програмата за работа од претходната година;

- Финансиски извештај за реализација на финансискиот план од претходната година и годишна сметка, со податоци за реализирани приходи, расходи, побарувања и обврски од претходната година групирани по структура и по организациона структура на Македонската радио-телевизија и

- Ревизорски извештај од независен меѓународен овластен ревизор и ревизорски извештај од Државниот завод за ревизија, доколку е извршена ревизија од него, како и ставот на Македонската радио-телевизија во однос на резултатите од извршената ревизија.

Исто така, врз основа на став (6) од истиот член, во прилог на Годишниот извештај за работа на Македонската радио-телевизија за претходната година се доставува и усвоената Годишна програма за работа на Македонската радио-телевизија за претходната година.

Согласно досегашните извештаи на Европската Унија за развојот на земјата, како и во препораките содржани во Извештајот на Прибе, потребно е да се преземат дополнителни реформи за остварување на целосна уредувачка независност на јавниот сервис, како и зајакнување на кадровските и професионалните капацитети, при што ќе се земе предвид и улогата на јавноста, која треба да биде објективно и точно информирана.

Врз основа на ова, во Годишниот извештај за работењето на ЈРП „Македонска радио-телевизија" за 2018 година, покрај реализираната програмска шема на програмските сервиси континуирано како обврска треба да бидат прикажувани и активностите во однос на реформите, како што се :

- Почитување на професионалните и етички новинарски стандарди, односно целосна имплементација на членот 111 од законот, од каде произлегува должноста за обезбедување уредувачка независност, вистинитост, непристрасност, објективност, избалансираност, разновидност на гледиштата и сеопфатност во информирањето,

- Обезбедување безбедност на новинарите и заштита на нивните права,

- Обезбедување отчетност спрема јавноста т.е. обезбедување на механизам за жалби и реакции од јавноста во однос на почитување на професионалните и етичките стандарди во емитуваните програми,

- Обезбедување на правото на одговор и исправка,

- Обезбедување континуирани обуки и едукација на медиумските работници, особено на новинарите за почитување на професионалните и етички новинарски стандарди,

- Учество на домашни и меѓународни настани, конференции итн.

Согласно Извештајот, заклучно со 31.12.2018 година, јавното претпријатие има прикажано приходи во вкупен износ од 949.925.484 денари, што претставува намалување од 8,44% споредено со износот на приходи остварен во 2017 година. Во вкупниот износ на приходи, најзначаен дел претставуваат приходите од Буџетот, наменети за финансирање на радиодифузната дејност, кои во 2018 година се утврдени на износ од 886.549.998 денари.

На страната на расходи, претпријатието има прикажано износ од 971.025.078 денари (износ без инвестиции), односно 977.530.810 денари (износ со инвестиции), при што крајниот финансиски резултат е негативен и изнесува 21.099.594 денари, односно износ од 26.021.894 денари, загуба по оданочување.

Во вкупно прикажаниот износ на расходи, повисоки износи претставуваат расходите за вработени (370.472.135 денари), расходите за амортизација и резервирања (68.423.915 денари),

вредносно усогласување и траен отпис (179.277.757 денари), камати од работење и затезни камати (101.320.628 денари) и трошоци за програмски права (123.470.362 денари).

Во делот на Аналитичкиот преглед на вкупните планирани и остварени расходи на јавното претпријатие за 2018 година, се укажува на потребата, износот на расходи прикажан на позицијата „Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис“ подетално да се образложи, како и да се приложи актот врз основа на кој е реализиран отписот на побарувања од купувачи и отписот на побарувања од радиодифузна такса.

На крајот од извештајниот период износот на вкупните побарувања од купувачи во земјата и странство изнесува 722.755.968 денари, а вкупните обврски на јавното претпријатие се утврдени на износ од 908.805.735 денари. Во однос на износот на ненаплатени побарувања (побарувања од купувачи во земјата и во странство), пред се побарувањата врз основа на радиодифузна такса, се упатува на потребата во материјалот да биде дадено образложение за начинот и мерките кои се преземаат од страна на надлежните органи во однос на наплатата на овој износ.

Во прилог на материјалот е доставен Извештај на независен ревизор, во кој со посебно внимание се разгледани прашања поврзани со евидентирањето и користењето на земјиште, односно опрема од страна на претпријатието, како и прашање поврзано со евидентирање на основната главнина на истото.

Во однос на наведеното, потребно е надлежните органи на претпријатието да го известат основачот за преземените активности, согласно забелешките на ревизорот.

Истовремено, се укажува на потребата надлежните органи на претпријатието во однос на забелешките на овластениот државен ревизор по финансиските извештаи за 2017 година (не постоење интерен акт за пресметка на плати и надоместоци на вработените, немање комплетна документација кај набавката на аудио и аудио визуелни дела, неутврден попис на побарувања врз основа на радиодифузна такса, немање систем на контрола и евиденција кај приход од маркетинг услуги и друго) да информираат за планираните и преземените активности во однос на постапување по забелешките. Притоа, во однос на забелешките кои се однесуваат на одобрено репрограмирање на долг на јавното претпријатие спрема Министерството за финансии, известуваме дека ЈРП „Македонска радио-телевизија“ има доспеани, а неизмирени обврски кон Министерството за финансии врз основа на користени странски кредити од Парискиот и Лондонскиот клуб на доверители, кои со состојба 31.12.2018 година изнесуваат:

- Главен долг во износ од 163.554.869,00 денари,

- Редовна камата во износ од 28.250.185,00 денари или

- Вкупна неизмирена обврска во износ од 191.805.054 денари, зголемена со затезна законска камата до денот на наплатата.

Имајќи ги предвид финансиските показатели за работењето на претпријатието во 2018 година, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење по однос на Годишниот извештај за работата на ЈРП „Македонска радио-телевизија“ за 2018 година.

## Точка 26

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за електронски комуникации за 2018 година и притоа го утврди следново мислење:

- Годишниот извештај за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2018 година (понатаму Агенцијата) се доставува во функција на исполнување на обврската утврдена во член 11 ставови 1) и 2) од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018 и 21/2018) во кои е утврдено дека Агенцијата за својата работа дава отчет пред Собранието со доставување на извештај за својата работа. Извештајот од ставот (1) на овој член Агенцијата е должна да го достави до Собранието на разгледување најдоцна до 31 март во тековната година.

Согласно ставовите 3) и 4) на овој член, извештајот од ставот 1) на овој член содржи: а) годишен извештај за работа на Агенцијата за претходната година и б) годишна програма за работа на Агенцијата за наредната година. Годишниот извештај за работа на Агенцијата за претходната година особено содржи: извештај за развојот на пазарот за електронски комуникации во Република Северна Македонија во претходната година, извештај за реализацијата на активностите утврдени во годишната програма за работа на Агенцијата за претходната година, финансиски извештај за реализација на финансискиот план за претходната година и годишна сметка, со податоци за реализирани приходи, расходи, побарувања и обврски за претходната година групирани по структура и по организациона структура на Агенцијата, ревизорски извештај од независен овластен ревизор, како и од Државниот завод за ревизија, доколку има извршено ревизија. Во прилог на ревизорскиот извештај се доставува и ставот на Агенцијата во однос на резултатите од извршената ревизија и извештај за состојбата на средствата во компензацискиот фонд за универзална услуга, кој особено содржи податоци за исплата на нето трошоците на давателите на универзална услуга.

Согласно ставот 5) од овој член, со годишната програма за работа на Агенцијата за наредната година се утврдуваат задачите и целите кои Агенцијата треба да ги исполни наредната година, согласно со овој закон и истата особено треба да содржи: програма на планирани активности за наредната година и финансиски план за наредната година, кој содржи податоци за реализација на планираните активности, планираните приходи и расходи на Агенцијата за наредната година групирани по структура и по организациона структура на Агенцијата, како и предвидените капитални инвестиции на Агенцијата за наредната година.

Според став 6) на овој член, годишниот извештај за работа на Агенцијата за претходната година од ставот (3) точка а) на овој член го усвојува Комисијата на Агенцијата, по предлог на директорот на Агенцијата, најдоцна до 10 март во тековната година.

Согласно ставот 7) од овој член, годишната програма за работа на Агенцијата за наредната година од ставот (3) точка б) на овој член ја усвојува Комисијата на Агенцијата, по предлог на директорот на Агенцијата, најдоцна до 10 декември во тековната година, а додека во ставот 8) е наведено дека годишната програма за работа на Агенцијата за наредната година од ставот (3) точка б) на овој член може во текот на годината да се измени, по постапка предвидена за нејзиното донесување.

Согласно член 19 алинеи 3 и 4 од истиот закон, Комисијата донесува одлука за усвојување на годишниот извештај за работа на Агенцијата за претходната година и донесува одлука за усвојување на годишната програма за работа на Агенцијата за наредната година.

- Од доставениот Извештај за развојот на пазарот за 2018 година, може да се забележи дека во однос на претходната 2017 година, имало зголемување од 5,83% во користењето на фиксниот бродбенд. Имено, бројот на претплатници на фиксен бродбенд од 381.756 во 2017 година, се зголемил на 404.027 во 2018 година (зголемувањето во 2017 во однос на 2016 изнесувало од 370.567 на 381.756).

Мало зголемување имало и во користењето на мобилниот бродбенд. Имено, бројот на претплатници кои користеле мобилен бродбенд од 1.216.528 во 2017 година се зголемил на 1.265.060 во 2018 година (зголемувањето во 2017 во однос на 2016 изнесувало од 1.159.445 на 1.216.528).

Од претходното, произлегува дека пенетрацијата на користењето на фиксниот бродбенд во 2018 година била приближно 19,4%, додека пенетрацијата на мобилниот бродбенд била приближно 61%.

- Според податоците од Извештајот за развојот на пазарот за 2018 година, граѓаните најмногу го користеле интернетот со пристапна брзина до 20 Mbs.

Исто така, може да се забележи извесно зголемување во користењето на брзиот интернет (брзини на пренос поголеми од 30 Mbs). Постои многу мало зголемување во користењето на супер брзиот интернет (брзини на пренос поголеми од 100 Mbs).

Според доставениот извештај на Агенцијата, приближно 0.9% од претплатничките договори на резиденцијалните корисници се со пристап до супер брз интернет, што укажува на сериозно заостанување во однос на земјите членки на ЕУ. Треба да се потенцира дека уделот на претплатниците на пристап до интернет преку оптичката мрежа е зголемен во 2018 година и тој изнесува 10.93% од вкупниот број претплатници, додека во 2017 година истиот изнесувал околу

9,54%. Ова укажува на зголемени инвестиции на операторите во оптички мрежи што е за поздравување, но истите треба значително да се зголемат, доколку се има предвид претходното.

Имајќи го предвид претходното, сметаме дека Агенцијата, согласно законот треба да преземе мерки за да се зголеми користењето на брзиот и супер брзиот интернет.

- За поздравување е активното учеството на Агенцијата во работните групи формирани од Министерството за информатичко општество и администрација, а во насока на подготовка на Националниот оперативен бродбенд план.

- Согласно доставениот извештај, Агенцијата во периодот од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година има остварено приходи во вкупен износ од 475.743.630 денари, од кои најголем дел или 367.878.230 денари се приходи од надоместок за користење на радиофреквенции. Споредено со претходната година, кај приходите постои намалување од 7,75%.

Во расходниот дел, претпријатието во 2018 година има реализирано износ од 284.394.827 денари, што претставува намалување од 34,63% во однос на износот на расходи прикажан во 2017 година. Намалувањето на расходите во однос на претходната година произлегува пред се од намалените расходи за опрема и капитални средства.

Согласно член 29, став 8 од Законот за електронски комуникации, нереализираните средства од финансискиот план на Агенцијата од претходната година, Агенцијата ќе ги пренесе во финансискиот план за наредната година, при што може да одлучи тие средства, или дел од нив да се користат за развој на електронски комуникации и информатичко општество, како и за други работи од значење за земјата, утврдени со финансискиот план на Агенцијата. Во однос на наведеното, укажуваме на потребата во материјалот да биде содржано подетално образложение за нереализираните средства (вишокот на средства од претходна година и вишок на средства од минати години и од кои причини истите не се опфатени во Годишниот финансиски план на Агенцијата за 2019 година). Воедно, потребно е да биде образложено дали наведените средства се вклучени во проектираниот износ на приходи за 2019 година, како и видот на активности кои е планирано да се реализираат со истите.

Со предложениот Годишен финансиски план на Агенцијата за 2019 година, планираните приходи и расходи се утврдени на износ од 478.360.000 денари.

Во врска со реализираните непродуктивни трошоци во 2018 година, како и планот на истите за 2019 година (издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација, дневници за службени патувања и патни трошоци, надоместоци на трошоци на вработени и граѓани), цениме дека е потребно да се преоцени зголемувањето на износот кај овие расходи.

## Точка 27

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018 година и притоа го утврди следново мислење:

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во понатамошниот текст Агенцијата), го има доставено Извештајот до Собранието на Република Северна Македонија, согласно членот 8 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/2013, 13/2014, 44/2013, 101/2014, 132/2014, 142/2016, 132/2017, 168/2018, 248/2018 и 27/2019).

Како една од најзначајните активности на Агенцијата се наведува изработката на Регулаторната стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната област за периодот од 2019 година до 2023 година.

Во контекст на стратегијата, Владата на 1 април 2019 година, го усвои Националниот оперативен бродбенд план, со утврдени национални бродбенд таргети.

Исполнувањето на националните таргети, особено обезбедувањето на интернет со брзина од најмалку 100 Mbps за сите домаќинства, ќе влијае на медиумскиот пазар во државата и во таа насока Регулаторната стратегија треба ова да го има предвид во целиот текст на документот.

Во однос на 5G технологијата, која е анализирана во Регулаторната стратегија, напоменуваме дека тој дел треба да биде усогласен со Планот за воведување и развој на 5G содржан во Националниот оперативен бродбенд план.

Согласно досегашните Извештаи на Европската Унија за развојот на земјата, треба да се обезбедува независност и професионализација на Агенцијата, преку транспарентен и квалитативен избор на професионални кадри, ослободена од партизираност и политизираност во работењето.

Согласно податоците за финансиското работење во 2018 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во 2018 година има реализирано приходи во вкупен износ од 139.969.819 денари, што споредено со реализираниот износ претходната година претставува зголемување од 25,36 %.

Во вкупниот износ на реализирани приходи, позначајни износи претставуваат приходите од финансирање на радиодифузна дејност и наплата на радиодифузна такса на приходите од надоместок за дозволи за телевизиско и радио емитување. Во расходниот дел, Агенцијата за 2018 година има прикажано износ од 77.877.129 денари, што претставува намалување од 13,5 % во однос на реализираните расходи во 2017 година.

Во прилог на актите за финансиското работење е доставен и Извештај на независниот ревизор во кој е констатирано дека финансиските извештаи ја прикажуваат реално и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Агенцијата, за годината која завршува во 2018 година.

Со Финансискиот план за 2019 година, Агенцијата има планирано приходи во износ од 135.620.000 денари, од кои 71.500.000 денари се планирани како приход од буџетот.

Во врска со реализираните непродуктивни трошоци во 2018 година, како и планот на истите за 2019 година (издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација, дневници за службени патувања и патни трошоци, договорни услуги, купување на моторни возила), цениме дека е потребно да се преоцени зголемувањето на износот кај овие расходи.

Исто така, упатуваме на потребата во материјалот да биде дадено образложение за причините за зголемувањето на износот за плати за вработените за 2019 година, споредено со претходната година.

Имајќи го предвид горенаведеното, како и значителниот пораст на расходите за 2019 година споредено со реализираното во претходната година, цениме дека е потребно планираното зголемување на расходите за 2019 година (зголемување од 60,7 %) да се преоцени.

Согласно член 8, став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, нереализираните средства од финансискиот план на Агенцијата од претходната година се пренесуваат во финансискиот план на Агенцијата за наредната година.

Во однос на наведеното, Владата на Република Северна Македонија укажува на потребата во материјалот да биде содржано образложение за нереализираните средства од претходната година, односно да биде наведено дали истите се вклучени во проектираниот износ на приходи за 2019 година.

## Точка 28

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.60/19 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 29 став 11 и став 12 во делот: „од ставот 13 на“ од Законот за судската служба („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/2014, 33/2015, 98/2015, 6/2016 и 198/2018) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата за оценување на уставноста, цитирајќи го член 29 став 11 и став 12 во делот „од ставот 13 на“ од Законот за судска служба смета дека истите се во спротивност на член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија и предлага Уставниот

суд на Република Северна Македонија да поведе иницијатива за оценување на уставноста на горенаведените делови од Законот за судска служба.

Во предметната Иницијатива е наведено дека одредбите од член 29 став 11 и 12 од Законот за судска служба не биле спорни се до влегувањето во сила на Законот изменување и дополнување на Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија“ бр.198/2018), бидејќи со член 9 став 4 од посоченото изменување и дополнување на Законот, став 13 станал став 11, што значи дека има упатување на непостоечки став во одредбите од член 29 од наведениот закон. Оттука, со истите се повредува начелото на владеење на правото, кое подразбира постоење на јасни, прецизни и концизни норми, кои кога упатуваат на примена на друга норма, а заради формирање на правно функционална логична целина на норми кои треба да се надополнуваат една со друга, неминовно е нормата кон чија примена се упатува, да содржи во себе прецизен и јасен опис што сака да се постигне со истата, а со цел надополнување на нормата која упатува на неа. Исто така, наведено е дека до заблуда можат да бидат доведени оние кои го применуваат членот 29 од Законот за судска служба во целина, а првенствено Комисијата за административна селекција.

Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија, меѓу другото, е утврдено и владеењето на правото.

Поаѓајќи од специфичниот статус и работните задачи кои ги извршуваат вработените во судската администрација, донесен е посебен закон за судските службеници, како lex specialis, со кој се уредени правата, обврските, должностите, одговорноста и системот на плати на судските службеници.

Согласно член 29 став (1) од Законот за судска служба административната селекција се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите утврдени во јавниот оглас, приложените докази во пријавата и нивно бодирање.

За кандидатите кои при административната селекција ќе се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во јавниот оглас, постапката на селекција завршува (став 2).

Вкупниот број на бодови за секој пријавен кандидат се утврдува врз основа на бодовите од стручните квалификации, работното искуство во струката (став 3).

Стручните квалификации се вреднуваат во однос на формалното и неформалното образование (став 4).

Формалното образование на кандидатите за судски службеници од категориите Б и В се вреднува согласно со постигнатиот успех на сите циклуси на студии кои ги завршил кандидатот и од рангирањето на универзитетот според ранг-листата на домашни универзитети согласно со Законот за високото образование и ранг-листите на странските универзитети и тоа следниве:

Shanghai anking-ARWU (Academic Ranking of World Univirsities); Times Higher Education-World University Ranking и QS World University Ranking (став 5).

Формалното образование на кандидатите за судски службеници од категоријата Г се вреднува согласно со постигнатиот успех во средното, односно вишото образование (став 6).

Неформалното образование на кандидатите за судски службеници се вреднува во зависност од бројот и релевантноста на меѓународно признатите стручни сертификати или уверенија за работното место (став 7).

Работното искуство во струката, доколку кандидатот бил вработен, се вреднува во зависност од времетраењето и од видот на одговорноста на работното место (раководно/нераководно). Дополнителните бодови носат позитивни препораки на кандидатот од претходните работни места и волонтерскиот стаж на кандидатот во институциите на јавниот сектор (став 8).

Административната селекција завршува најдоцна во рок од 15 дена по истекот на рокот за пријавување на кандидатите на јавните огласи, за што Комисијата за селекција за вработување подготвува листа со шифрите на кандидатите за кои постапката на селекција завршила и ранг-листата со шифрите на кандидатите кои ја поминале административната селекција и ги објавува на веб страницата на судот (став 9).

Датумот и времето на одржување на испит за судски службеник се објавуваат заедно со ранг-листата од став (11) на овој член и истиот не може да биде пократок од десет дена, а подолг од 30 дена од денот на објавувањето на ранг-листата (став 10).

Најмногу десет пати повеќе кандидати од бројот на работните места за кои се спроведува постапката, а кои биле најдобро рангирани на листата од став (11) на овој член, преминуваат во следната фаза на селекција (став 11).

Испитот за судски службеник го полагаат и кандидатите кои имаат ист број на бодови со последно рангираните кандидати од став (13) на овој член (став 12).

Имајќи ги предвид наведените законски одредби од член 29 од Законот за судска служба, сметаме дека не станува збор за суштинска, туку за техничка неусогласеност на одредбите од Законот, и со оглед на тоа оспорените законски одредби не се во спротивност со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, односно со истите не се нарушуваат темелните вредности на владеење на правото. Наведената техничка грешка при првата наредна измена на Законот за судска служба би била земена предвид.

Тргнувајќи од наведените уставни одредби на кои се повикува подносителот на Иницијативата и во однос на кои го оспорува член 29 став (11) и став (12) од наведениот закон, сметаме дека наводите во Иницијативата се неосновани.

Врз основа на изнесеното, оспорената одредби од член 29 став (11) и став (12) во делот „од ставот 13 на“ од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/2014, 33/2015, 98/15, 6/2016, 198/2018 и 248/2018) е во согласност со член 8 став 1 алинеја3 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Иницијативата за поведување постапка за оценување на неговата уставноста е неоснована и Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 29 став 11 и став 12 во делот „од ставот 13 на“ од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/2014, 33/2015, 98/2015, 6/2016 и 198/2018).

## Точка 29

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.59/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на делот „и (5)“ од членот 99 став 7 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2006, 35/2008, 150/2010, 83/2010 и 198/2018) и притоа го утврди следново мислење:

Со горенаведената иницијатива за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста се оспорува делот „и (5)“ од членот 99 став 7 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ број 58/2006, 35/2008, 150/2010, 83/2010 и 198/2018), со наводи дека е спротивен на член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, односно владеењето на правото како темелна вредност на нашиот уставен поредок.

Се нагласува дека членот 99 од Законот за судовите го предвидува следното:

„(1) Во Врховниот суд на Република Македонија се формира центар за информатичка технологија надлежен за техничко управување со автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети и базите на податоци кои произлегуваат од работата на судовите. (2) Судовите имаат служби за информатика, како посебни организациони единици. (3) Судовите се должни донесените одлуки во рок од два дена од денот на изготвувањето и потпишувањето да ги објават на веб страницата на судот, на начин утврден со закон. (4) Со центарот, односно службата за информатика раководи претседателот на судот или од него определен судија. (5) Судските информатичари задолжително стручно се едуцираат преку Академијата за судии и јавни обвинители. (6) Министерството за правда обезбедува поставување, одржување и функционирање на информатичкиот систем врз единствената методолошка и технолошка основа. (7) Министерот за правда со подзаконски акт го определува начинот на функционирање на информатичкиот систем во судовите од ставовите (1) и (5) на овој член.“.

Воедно, Законот за Академијата за судии и јавни обвинители во членот 2 јасно дефинира дека една од целите на основањето на Академијата е „стручно и ефикасно извршување на работите на стручните служби во судството и јавното обвинителство.“.

Исто така, членот 3 предвидува дека Академијата својата дејност ја спроведува, меѓу другото, и со „организирање и спроведување на континуирана обука на стручните служби во судството и јавното обвинителство.“.

Следствено, обврската за задолжителна стручна обука на судските информатичари преку Академијата за судии и јавни обвинители, предвидена со Законот за судовите е во согласност со одредбите на Законот за Академијата за судии и јавни обвинители.

Во таа смисла, ставот 7 на членот 99 од Законот за судовите со кој се определува надлежноста на Министерот за правда со подзаконски акт да го определи начинот на функционирање на информатичкиот систем во судовите, е определба на законодавецот со која не се врши повреда на начелото на владеење на правото.

Едноставно, законодавецот ја доверил одговорноста за начинот на функционирање на информатичкиот систем во рацете на министерот за правда што е согласно уставните овластувања на Собранието на Република Северна Македонија.

Воедно, мора да се нагласи дека во март 2019 година Собранието на Република Северна Македонија со двотретинско мнозинство донесе измени на Законот за судовите. Со донесените измени се интервенира во членот 99 и така, е предвидено дека:

„Ставот (7), кој станува став (8), се менува и гласи:
„(9) Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија со подзаконски акт го определува начинот на функционирање на информатичкиот систем во сите судови, по претходна согласност од општата седница на Врховниот суд на Република Македонија.“.

Следствено, се смета дека давање на мислење по предметната иницијатива е беспредметно.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на делот „и (5)“ од членот 99 став 7 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2006, 35/2008, 150/2010, 83/2010 и 198/2018).

**<u>Точка 30</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.66/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста и

законитоста на повеќе членови од Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта, заведен под број 07-9992/3 од 5 јуни 2014 година, поднесена од Мирослав Андоновски од Прилеп и притоа го утврди следново мислење:

Во членот 2 од Правилникот е утврдено дека „Училишните екскурзии претставуваат облик на воспитно-образовна работа кој се остварува преку различни активности надвор од училиштето со посети на: природни и туристички места, образовни, културни и спортски установи, техничко-технолошки објекти и други локалитети, во согласност со одредени цели и задачи од наставните програми и подрачја за развивање и остварување на различните интереси на учениците" и истото претставува надополнување и детално објаснување за суштината на тоа што претставуваат училишните екскурзии и не е во никаква спротивност со членот 24-а став 1 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018), а истото се однесува и на член 3 од Правилникот.

Се смета дека членовите 4 и 5 од Правилникот се во целост во согласност со член 24-а став 18 од Законот за средното образование, бидејќи во истиот е наведено дека „Начинот на изведувањето на училишните екскурзии на учениците го утврдува министерот, на предлог на Бирото" и согласно тоа се дава опис за тоа кои се целите и задачите кои треба да се остварат преку реализирање на училишните екскурзии.

Со членовите 6 и 7 од Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта, детално се навлегува во суштината на материјата и детално се пропишуваат планирањето, програмирањето и условите за организација и изведување на училишните екскурзии, повторно во согласност со членот 24-а став 18 од Законот за средното образование и воопшто не се надминуваат законските ограничувања на министерот за образование и наука, согласно укажувањето на подносителот на Иницијативата.

Со членот 16 од Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта е утврдено дека „За оние ученици кои од економски причини не можат да учествуваат на училишните екскурзии, директорот може да обезбеди нивно учество со користење на поволности кои ги нуди агенцијата која учествува во изведувањето на наведените активности или од сопствени извори на училиштето, донации, спонзорства и други извори на училиштето" и се смета дека оваа одредба е со цел запазување на карактерот на социјална рамноправност и давање на можност на сите деца/ученици да учествуваат на училишната екскурзија.

Одредбата од член 13 став 5 каде што е наведено дека „Родителот/старателот ги надоместува сите финансиски трошоци за екскурзијата", воопшто не е во спротивност со членот 19 од

Правилникот од причина што во истиот се дефинира на детален и концизен начин постапката за избор на правен субјект кој ќе ја реализира екскурзијата, формирањето на комисијата и др.

Со оглед на тоа што се работи за постапка со давање на права и обврски, логично е да се дефинира постапка за поднесување на жалба за сите заинтересирани правни субјекти и од таа причина се смета дека одредбата од членот 22 од Правилникот воопшто не води кон никаква конфузност туку само дополнително дефинира постапка за право на жалба од постапката која е спроведена.

Одредбата во член 24 од Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта, не е во никаква колизија со членот 19, според укажувањето на подносителот на Иницијативата, туку напротив со член 24 се дефинира склучувањето на договорот, како финален моментум од спроведувањето на целокупната постапка за избор на правен субјект кој ќе ја реализира екскурзијата, како и дефинирањето на составните делови на договорот, со цел целосно опфаќање на правата и обврските на двете договорни страни.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на повеќе членови од Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта, заведен под број 07-9992/3 од 5 јуни 2014 година, поднесена од Мирослав Андоновски од Прилеп.

## Точка 31

Владата ја разгледа Иницијатива поднесена од Горан Путиќ од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.64/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 17-а став 2 алинеја 5 од Законот за безбедност и здравје при работа, како и членовите од 3 до 11 од Правилникот за условите за вработените, организацијата, техничките и други услови кои треба да ги исполни правното или физичкото лице за вршење на стручни работи („Службен весник на Република Македонија" бр.37/2008) и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Иницијативата смета дека членот 17-а став 2, алинеја 5 од Законот за безбедност и здравје при работа и членовите од 3 до 11 од Правилникот за условите за вработените, организацијата, техничките и други услови кои треба да ги исполни правното или физичкото лице за вршење на стручни работи смета дека не се во согласност со член 8, став 1, алинеја 7 од Уставот на Република Северна Македонија.

Имено, подносителот смета дека наведената одредба од Законот за безбедност и здравје при работа е неуставна од причини што истата е рестриктивна и дискриминирачка во однос на слободниот пристап на пазарот на трудот за лица со стекнато високо образование од

конкретната работа за безбедност и здравје при работа и дека со истата одредба се прејудицира дека практичното искуство со сигурност може да се стекне во периодот од пет години по завршување на високото образование.

Според член 8 став 1 алинеја 7 од Уставот на Република Северна Македонија, темелна вредност на уставниот поредок е и слободата на пазар и претприемништво.

Оспорениот член 17-а се однесува на потребните услови кое лицето треба да ги исполнува за да може да полага стручен испит за безбедност при работа, односно лицето за полагање на стручниот испит треба, меѓу другите услови по дипломирањето, да има најмалку 5 (пет) години работно искуство во соодветната област за која се поднесува барањето за полагање на стручниот испит.

Имено, согласно членот 3, став 1, алинеја 11 од Законот, стручно лице за безбедност при работа е вработено стручно лице кај работодавачот назначено од него за извршување на стручни задачи поврзани со безбедноста при работа.

Следствено на ова, со членот 12 од Законот е предвидено дека работодавачот ја организира безбедноста и здравјето при работа во зависност од технолошкиот процес, со примена на научно-стручни методи и во согласност со современите достигнувања, при што стручните работи на безбедност ќе ги врши работник со стручна подготовка за безбедност при работа или друга стручна подготовка адекватна на технолошкиот процес на работодавачот или ќе користи надворешни услуги од овластени правни или физички лица.

Комплементарно на членот 12 е и посебниот услов кој е потребен за полагање на стручниот испит предвиден со членот 17-а, став 2 алинеја 3 со кој е предвидено лицето, меѓу другото, да има високо образование од заштита при работа, технички или друг отсек, кој одговара на дејноста на работодавачот (диплома за завршено четиригодишно високо образование или диплома со 300 кредити според европскиот кредит трансфер систем-ЕКТС).

Имајќи го предвид наведеното, стручна работа за безбедност при работа може да врши само лице кое има положено стручен испит за безбедност при работа, а истиот може да го полага доколку има најмалку пет години работно искуство по дипломирањето.

Предвидениот посебен услов од стекнато пет годишно работно искуство во областа на безбедност при работа, односно областа и отсекот кој соодветствува со дејноста на работодавачот, е во согласност со обврската на работодавачот да обезбеди заштита при работа при тоа овозможувајќи им на работниците да го остварат уставно загарантираното право за заштита при работењето предвидено со член 32 од Уставот.

Од тука законодавецот сметал дека за вршење на стручна работа за безбедност при работа, покрај предвиденото високо образование, потребно е лицето да исполни и дополнителен услов од најмалку пет години работно искуство и положен стручен испит.

Со Правилникот за условите за вработените, организацијата, техничките и други услови кои треба да ги исполни правното или физичкото лице за вршење на стручни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр.37/2008) се предвидуваат кадровските и техничките услови (потребна опрема и простории со пропишана спецификација) за да одредено правно или физичко лице се здобие со овластување за вршење на стручни работи за безбедност при работа.

Имајќи го предвид наведеното и наодите содржани во иницијативата, сметаме дека пропишаните услови не се во спротивност со слободата на пазарот и претприемништвото бидејќи се работи за вршење на стручни работи кои се од витално значење за безбедноста и здравјето на работниците кај одреден работодавач.

Тргнувајќи од ова, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли како неоснована Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на членот 17-а, став 2, алинеја 5 од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/2007, 136/2011, 23/2013, 25/2013, 137/2013, 164/2013, 158/2014, 15/2015, 129/2015, 192/2015 и 30/2016) и членовите од 3 до 11 од Правилникот за условите за вработените, организацијата, техничките и други услови кои треба да ги исполни правното или физичкото лице за вршење на стручни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр.37/2008).

## Точка 32

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мери Весова од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 2745 за КО Глуво Бразда на КП 1720/1 м.в Чар и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 33

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Клисароски од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 2294 за КО Ѓорче Петров 2 - Мирче Ацев за КП 10038 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 34

Владата ја разгледа Понудата од нотар Елена Ристовска од Штип, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 16541 за КО Штип 1 на КП 4 викано место/улица Герен и по Понудата, го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 35

Владата ја разгледа Понудата од нотар Фатмир Ајрули од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 645 за КО Визбегово на КП 1082, викано место Марковец и по Понудата, го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 36

Владата ја разгледа Понудата од нотар Емилија Георгиевска Аџиска од Берово, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 2897 за КО Владимирово на КП 7644 викано место Премката и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 37

Владата ги разгледа Известувањето од извршител Антончо Коштанов, именуван за подрачјето на Основните судови Скопје 1 и Скопје 2 за Заклучок за усна јавна продажба (врз основа на член 179 став 1, член 181 став 1 и член 182 став 1 од Законот за извршување), доставен под И. бр. 714/18; Заклучокот за огласување на продажбата под И бр. 714/18 од 21 март 2019 година за неважечка и Заклучокот за повторена втора усна јавна продажба (на недвижноста запишана во Имотен лист бр. 2272 за КО Глуво Бразда) под И. бр. 714/18, која ќе се одржи на 7 мај 2019 година и по истите го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 38

Владата по Заклучокот за усна јавна продажба, доставен од извршител Елена Стрезоска од Охрид го усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Точка 39

Владата го разгледа Предлог-одговорот на пратеничко прашање од Рубин Земон, пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, поставено на Осумдесет и седмата седница на Собранието на Република Северна Македонија, одржана на 27 февруари 2019 година (подготвен од Министерството за животна средина и просторно планирање), го утврди одговорот и заклучи да се достави до Собранието на Република Северна Македонија.

## Точка 40

Владата го разгледа Барањето за потврда на значењето на Директниот договор кон Договорот за концесија, бр.40-3974 од 11.3.2016 година и по истото го утврди Мислењето на Министерството за финансии, во кое се укажува дека:

Со предметното Барање, ТАВ Македонија бара потврда на значењето на горенаведениот Директен договор како гаранција од Владата на Република Северна Македонија, со што би се применила одредбата од член 21, став 2 точка 2 од Законот за данокот на добивка.

По извршениот увид на доставената документација кон Барањето, Ве известуваме дека Министерството за финансии нема издадено државна гаранција ниту во форма на гарантно писмо, ниту во форма на договор за гаранција во однос на кредитното задолжување на ТАВ Македонија.

Согласно Законот за јавен долг, државна гаранција може да се издаде само како обезбедување на заем на носител на јавен долг, односно на општини, на јавни претпријатија основани од државата и општините и на трговски друштва во целосна или доминантна сопственост на државата.

Во отсуство на издадена државна гаранција, се смета дека не може да се применува одредбата од член 21, став 2 точка 2 од Законот за данокот на добивка која предвидува дека не се задржува данок на приход од камата од должнички инструменти издадени и/или гарантирани од страна на Владата на Република Северна Македонија.

Според тоа, при исплатата на приходот од камата на странското правно лице, ТАВ Македонија има обврска да го пресмета и уплати данокот по задршка истовремено со исплатата на приходот.

## Точка 41

По оваа точка немаше предлози.

## Точка 42

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 30 април 2019 година до 5 мај 2019 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**2.** Владата го разгледа Барањето од Министерството за здравство за измена на заклучок бр.2 по Точка 32 „Информација со Акциски план за сексуално и репродуктивно здравје во Република Македонија 2018-2020 година", донесен на Осумдесет и осмата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 11.9.2018 година и притоа заклучи истиот да го измени и тој да гласи:

„Се задолжуваат Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука во делот за мониторинг и евалуација на реализација на активностите од Акцискиот план, да ги следат спроведувањата на мерките и активностите и за истото годишно да го информираат Министерството за здравство, најдоцна до 10 јануари наредната година, а Министерството за здравство за имплементација на Акцискиот план за сексуално и репродуктивно здравје на Република Македонија 2018-2020 година, да ја информира Владата во сублимирана информација во септември 2019 година.".

**3.** Владата го разгледа Барањето од Министерството за финансии за изменување и престанување на важење на заклучоци, го прифати Барањето и заклучи:

1. Да се изменат следниве заклучоци:

1) Заклучокот од 88-та седница на Владата, одржана на 11.9.2018 година, по точка 14, со кој „Се задолжуваат Министерството за финансии и Министерството за одбрана да подготват и најдоцна до 1 јануари 2019 година до Владата да достават Предлог-закон за јавни набавки во областа на одбраната и безбедноста", да се измени со нов краен рок за постапување до 31.5.2019 година.

2) Заклучокот од 99-та (тематска) седница на Владата, одржана на 10.3.2017 година, по точка 6, со кој „Се задолжува Министерството за финансии, најдоцна до 15 јуни 2018 година, да подготви и до Владата да достави Предлог-закон за осигурување со кој ќе се изврши хармонизација со регулативите на ЕУ позната како Солвентност 2, а со цел намалување на ризиците преку одржување на соодветно ниво на сопствени средства", да се измени со нов краен рок за постапување до 31.3.2020 година.

3) Заклучокот од 99-та (тематска) седница на Владата, одржана на 10.3.2017 година, по точка 6, со кој „Се задолжува Министерството за финансии, најдоцна до 30 септември 2017 година, да подготви и до Владата да достави Предлог-закон за пазарот на хартии од вредност и Предлог-закон за понуда и издавање од хартии од вредност кои ќе го заменат постојниот Закон за пазарот на капитал и со кои домашното законодавство ќе се хармонизира со релевантните ЕУ Директиви", да се измени со нов краен рок за постапување до 31.3.2020 година.

4) Заклучокот од 99-та (тематска) седница на Владата, одржана на 10.3.2017 година, по точка 6, со кој „Се задолжува Министерството за финансии, најдоцна до 31 мај 2017 година, да подготви и до Владата да достави Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за

инвестициски фондови со кој ќе се воведат нови видови инвестициски фондови - главен фонд и фонд напојувач и ќе се либерализираат условите за основање и работа на фондовите, согласно европските стандарди“, да се измени со нов краен рок за постапување до 30.6.2019 година.

5) Заклучокот од 99-та (тематска) седница на Владата, одржана на 10.3.2017 година, по точка 6, со кој „Се задолжува Министерството за финансии, најдоцна до 15 јуни 2017 година, да ја информира Владата за текот на реализација на техничката помош од ММФ за подготовка на Закон за опоравување на банки“, да се измени со нов краен рок за постапување до 31.03.2020 година.

6) Заклучокот од 99-та (тематска) седница на Владата, одржана на 10.3.2017 година, по точка 6, со кој „Се задолжува Министерството за финансии, најдоцна до 1 декември 2017 година, да подготви и до Владата да достави Предлог-закон за банките во насока на уредување на мерките што може да ги преземе супервизорскиот орган и политиката на наградување како и подобрување на корпоративното управување“, да се измени со нов краен рок за постапување до 31.3.2020 година, од причина што истиот треба да се донесе заедно со Законот за опоравување на банки.

7) Заклучокот од 105-та седница на Владата, одржана на 19.4.2017 година, во делот на Пред преминување на Дневен ред (Итни реформски приоритети - заклучок број 10), со кој „Се задолжува Министерството за финансии да достави статус и временска динамика (дали е формирана работна група и предвиден рок за доставување на предлог актот до Секретаријатот за законодавство), најдоцна до 30 април 2017 година за Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за ревизија и Законот за платежни услуги и системи“, да се измени со нов краен рок за постапување до 30.9.2019 година, од причина што во меѓувреме донесени се две нови директиви за платежни услуги II 2015/2366/ЕЗ, за споредливост на провизии поврзани со платежните сметки 2014/92/ЕЗ и две регулативи кои се имплементирани во Предлог-законот и истиот е доставен до заинтересираните страни за коментари.

2. Да престанат да важат следниве заклучоци:

1) Заклучокот од 60-та седница на Владата, одржана на 20.3.2018 година, по точка 14, односно задолжението со реден број 1, со кое „Се задолжува Министерството за финансии, во текот на јули 2018 година да достави Информација до Владата за напредокот во реализацијата на Проектот за подобрување на општинските услуги која ќе се однесува само на општинските под-проекти кои се во фаза на реализација во известувачкиот период“.

2) Заклучокот од 60-та седница на Владата, одржана на 20.3.2018 година, по точка 14, односно задолжението со реден број 2, со кое „Се задолжува Министерството за финансии, континуирано на секои шест месеци да ја информира Владата за напредокот во реализацијата на Проектот се до неговото завршување, односно до март 2021 година“.

**Точка 43**

Владата го разгледа Извештајот за финансиско работење на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за период од 1.4.2018 година до 30.6.2018 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги донесе следните заклучоци и укажувања:

1. Да се утврди поединечна одговорност кај надлежните раководни лица за ненаплатените побарувања кои друштвото ги има спрема физичките и правните лица, за ненаплатениот износ од 1.343.814.927 денари и за направената штета во однос на ненаплатените режиски трошоци, а платени од страна на друштвото.

2. Друштвото да преземе мерки за наплата на побарувањата врз основа на закупнина и станарина согласно мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 44**

Владата го разгледа Извештајот за финансиско работење на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за период од 1.7.2018 година до 30.9.2018 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги донесе следните заклучоци и укажувања:

1. Да се утврди поединечна одговорност кај надлежните раководни лица за ненаплатените побарувања кои друштвото ги има спрема физичките и правните лица, за ненаплатениот износ од 1.343.814.927 денари и за направената штета во однос на ненаплатените режиски трошоци, а платени од страна на друштвото.

2. Друштвото да преземе мерки за наплата на побарувањата врз основа на закупнина и станарина согласно мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 45**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие „Стрежево“ Битола за четврто тримесечје од 1.10.2018 до 31.12.2018 година, како материјал за информирање, со укажување:

- надлежните органи на претпријатието да преземаат мерки за намалување на непродуктивните расходи, подмирување на обврските и наплата на побарувањата кои се настанати во изминатиот период, согласно мислењата на Министерството за финансии и Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на Акциски план за категоризација на одгледувалиштата на молзни грла според ризик за унапредување на квалитетот на сировото млеко за периодот од шест месеци (октомври 2018 година до април 2019 година), како материјал за информирање.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување на исплата на регрес за годишен одмор (К15) во приватниот сектор и за преземените мерки при непочитување на регулативите, како материјал за информирање.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Информацијата за Годишна сметка за 2018 година на Јавната установа Центар за образование на возрасните - Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 49**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за реализација на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 50**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи за 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 51**

Владата го разгледа Извештајот за активностите на Координативното тело за надзор на пазарот за 2018 година и на надлежните органи за надзор на пазарот, како материјал за информирање

**Точка 52**

Владата го разгледа новиот текст на Извештајот за реализација на Програмата за развој на туризмот на Република Македонија за 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Информацијата за здравствената состојба на шумите во Република Северна Македонија за 2018 година, како материјал за информирање.

## Точка 54

Владата ја разгледа Информацијата за поддршка на вежбовната активност на Армијата на Република Северна Македонија и Командата на US EUCOM „Одлучен удар" и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува АД Електрани на Северна Македонија да ја обезбеди потребната механизација и персонал согласно иницијалната проценка односно согласно реалните потреби на терен за непречена реализација на вежбовната активност „Одлучен удар" на Армискиот полигон Криволак во периодот 16.5.-25.6.2019 година.
2. Се задолжува Министерството за одбрана да ги покрие трошоците потребни за сместување и исхрана за персоналот од АД Електрани на Северна Македонија за време на работниот ангажман на Армискиот полигон Криволак.
3. Се задолжува Министерството за одбрана да обезбеди 6 (шест) тони погонско гориво Дизел Д-2 на АД Електрани на Северна Македонија за потребите на инженериските машини и возила ангажирани за поддршка на вежбовната активност „Одлучен удар" на АП Криволак.

## Точка 55

Владата ја разгледа Информацијата за изградба на Универзитетски клинички центар на greenfield локација во Скопје со Иницијатива за задолжување и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Министерството за здравство, да подготви и испрати барање за изразување на интерес за финансирање на Проектот со заем од 500 милиони евра до меѓународните финансиски институции, билатерални кредитори и странски комерцијални банки.
2. Се задолжува Министерството за здравство, во соработка со Министерството за транспорт и врски, да ги дефинираат задолженијата и надлежностите на јавните претпријатија на Република Северна Македонија и во соработка со истите да ја дефинираат вредноста на владиното учество во целиот Проект и за истото до Владата да достави информација.

## Точка 56

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за извршените преговори за склучување на Меморандум за соработка помеѓу Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Министерството за здравство на Црна Гора за соработка во областите на здравството и медицината, со текст на Меморандум и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за соработка помеѓу Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Министерството за здравство на Црна Гора за соработка во областите на здравството и медицината.

2. Се овластува д-р Венко Филипче, министер за здравство, да го потпише Меморандумот за соработка помеѓу Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Министерството за здравство на Црна Гора за соработка во областите на здравството и медицината.

**<u>Точка 57</u>**

Владата го разгледа Барањето за автентично толкување на член 43 став 3 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/2018) го прифати и заклучи согласно член 176 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, да се достави до Собранието.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:40 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**